**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-344/4**
**Скопје, 06.06.2005 година**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Собрание на Република Македонија за 2004 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија, како и согласно член 556 од Законот за трговски друштва.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   -Љупчо Јордановски - Претседател на Собранието на Република Македонија

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 01.03 до 08.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор,
   - Доста Скендерова, овластен државен ревизор,
   - Соња Цифорова, ревизор,
   - Соња Камбовска, помлад ревизор,

Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиски извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

7. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

9. Од страна на Собранието на Република Македонија добиена е забелешка на Претходниот извештај, број 05 – 1810/1 од 17/05/2005 година и тоа на точката 10.2.2. став 2 од извештајот и истата од страна на ревизијата не е прифатена.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.1.1. Дадените аванси се евидентираат само при нивното раздолжување. Овој начин на евидентирање на авансите предизвикува нереално прикажување на состојбата на истите и состојбата на благајната.

**Препораки и мерки:**
Секторот за финансиско-материјално работење при евидентирање на авансите да постапат согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Имено, задолжувањето односно раздолжувањето на вработените со аванси да се врши истовремено со исплатата на парични средства од благајна, односно со поднесување на соодветни документи (патни сметки).

### 11.2. Наменско и законско користење на средствата:

11.2.1. Согласно Одлуката за определување надоместок на трошоците за вршење на функцијата пратеник и Одлуката за определување надоместок на трошоците на пратениците за присуство на седниците на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието, на пратениците им се исплатени:

- месечен надомест во износ од 10 илјади денари, кој во 2004 година изнесува во вкупен износ од 12,524 илјади денари и
- надомест во висина на дневница за службено патување во земјата кој во 2004 година изнесува во вкупен износ од 19,627 илјади денари.

Одредбите од член 8 и член 29 од Законот за плати и други надоместоци на пратениците не предвидуваат таков вид на надоместоци кои имаат големо учество во вкупните расходи на Буџетот на Собранието на Република Македонија, што е прикажано во Графикон 1.

Иако, според Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот има право и должност да присуствува на седниците и да

учествува во работата и одлучувањето, не постои друг акт со кој конкретно се дефинирани работните задачи на пратениците. Имено, пратениците согласно претходно наведениот Закон, месечно добиваат плата, надоместок за храна и превоз и паушал во износ од 6 илјади денари, и истите претставуваат надомест за извршување на функцијата пратеник.

Графикон 1




11.2.2. Со увид во прометот на позицијата Обврски спрема добавувачите ревизијата констатира дека 45% од вкупниот побарувачки промет во износ од 54,256 илјади денари се однесува на набавки кои подлежат на одредбите на Законот за јавни набавки. Останатите 55% од вкупниот промет во износ од 65,158 илјади денари се однесува на трошоци за кои не се применуваат одредбите од Законот.

Со 100 % опфат, ревизијата констатира дека од вкупните 54,256 илјади денари исплатени се 1,670 илјади денари за набавка на авиобилети без спроведување постапка согласно Законот за јавни набавки.

Графикон 2




**Препораки и мерки:**

1. Надлежната комисија во Собранието да донесе акт со кој ќе се дефинира описот на работните задачи на пратениците.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

2. Комисијата за јавни набавки да ги применува одредбите од Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.1. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Собранието на Република Македонија на ден 31 Декември 2004 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.2. кај Собранието на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**14. Прифатени наоди и преземени мерки во текот на ревизијата:**

- За дадените аванси за службено патување во вкупен износ од 355 илјади денари не е зголемена позицијата Пасивните временски разграничувања, туку е зголемена позицијата Државен капитал. Прифатена е корекцијата од страна на субјектот, при што за наведениот износ се зголемени Пасивните временски разграничувања, а намалена е позицијата Државен капитал;
- За реконструкцијата на градежен објект во износ од 10.500 илјади денари не е зголемена позицијата Државен капитал во целиот износ, туку за 4.633 илјади денари колку што изнесува делот на платените времени ситуации, додека за останатиот дел во износ од 5.687 илјади денари неосновано е намалена позицијата Активни временски разграничувања. Врз основа на препораките на ревизијата спроведено е зголемување на позицијата Активни временски разграничувања и Државниот капитал за износ од 5.687 илјади денари;
- За дадените аванси за капитални средства во износ од 1.701 илјади денари зголемени се позициите Инвестиции во тек и Пасивни временски разграничувања. Прифатена е препораката на ревизијата, извршена е исправка во евиденцијата, така што за наведениот износ се зголемени позициите Аванси за капитални средства и Пасивните временски разграничувања.

Врз основа на изнесеното потценет е Државниот капитал во износ од 5,332 илјади денари.

**Скопје, 04/06/2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Бранислав Гулев**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1 | 624 | 711 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2 | 6 | 6 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 30,048 | 18,521 |
| Залихи | 4.1.4 | 1,541 | 1,844 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.5 | 1,701 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **33,920** | **21,082** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 395,523 | 415,559 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1 | 21,724 | 713 |
| **Вкупно постојани средства** | | **417,247** | **416,272** |
| **Вкупна актива** | | **451,167** | **437,354** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 14,372 | 8,442 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 5,512 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3 | 10,165 | 10,079 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4 | 2,330 | 717 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **32,379** | **19,238** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4 | 418,788 | 418,116 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **418,788** | **418,116** |
| **Вкупна пасива** | | **451,167** | **437,354** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 18 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:211-262, факс:126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 309,460 | 380,572 |
| **Вкупно приходи** | | **309,460** | **380,572** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 130,025 | 146,318 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2 | 150,029 | 139,954 |
| Тековни трансфери | 3.2.3 | 122 | 71 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **280,176** | **286,343** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1 | 29,284 | 93,849 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **29,284** | **93,849** |
| **Вкупно расходи** | | **309,460** | **380,192** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **380** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **380** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 18 се составен дел на финансиските извештаи

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА

000 ден

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал -залихи на материјали | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **416,272** | **1,844** | **418,116** |
| **Зголемување по основ на:** | **36,675** | **6,227** | **42,902** |
| Набавки | 13,065 | 6,227 | **19,292** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 23,610 | | **23,610** |
| **Намалување по основ на:** | **35,700** | **6,530** | **42,230** |
| Отпис на капитални средства | 2,599 | 6,530 | **9,129** |
| Амортизација | 33,101 | | **33,101** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **417,247** | **1,541** | **418,788** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 18 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
***Палата Македонија - Скопје***
тел:211-262, факс:126-311

***Овластен Државен ревизор***
-----------------------------